| | **Вкупно** | | 642 | 4464 | 5106 | 4663 | 443 |
| **ВКУПНО ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | | 33590 | 24679 | 58269 | 28942 | 29327 |

**Табела со преглед на просечни месечни резултати во решавање на предмети со имотен спор во 2010 год.**

| судија | вкупно решени предмети | месечен просек |
|---|---|---|
| Виолета П.Тројачанец | 82 | 7,8 |
| Славица Д,Темелкоска | 91 | 8,6 |
| Роса Станоеска | 86 | 8,1 |
| Оливера Митреска | 94 | 8,9 |
| Марија Велеска | 110 | 10,4 |
| Сашо Патоски | 117 | 11,1 |

**Табела со преглед на просечни месечни резултати во решавање на семејни спорови во 2010 год.**

| судија | вкупно решени процесни предмети | месечен просек |
|---|---|---|
| Виолета П.Тројачанец | 25 | 2,3 |
| Славица Д,Темелкоска | 20 | 1,9 |
| Роса Станоеска | 24 | 2,2 |
| Оливера Митреска | 38 | 3,6 |
| Марија Велеска | 15 | 1,4 |
| Сашо Патоски | 11 | 1 |

**Табела со преглед на просечни месечни резултати во решавање на спорови од мала вредност во 2010 год.**

| судија | вкупно решени процесни предмети | месечен просек |
|---|---|---|
| Виолета П.Тројачанец | 136 | 12,9 |
| Славица Д,Темелкоска | 144 | 13,7 |
| Роса Станоеска | 123 | 11,7 |
| Оливера Митреска | 128 | 12,1 |
| Марија Велеска | 116 | 11 |
| Сашо Патоски | 130 | 12,3 |

**Табела со преглед на просечни месечни резултати во решавање на РО спорови во 2010 год.**

| судија | вкупно решени процесни предмети | месечен просек |
|---|---|---|
| **Виолета П.Тројачанец** | **35** | **3,3** |
| **Славица Д,Темелкоска** | **26** | **2,4** |
| **Роса Станоеска** | **34** | **3,2** |
| **Оливера Митреска** | **43** | **4** |
| **Марија Велеска** | **37** | **3,5** |
| **Сашо Патоски** | **44** | **4,1** |

**Табела со преглед на вкупните месечни резултати во решавање на сите процесните предмети во 2010 год.**

| судија | вкупно решени процесни предмети | месечен просек |
|---|---|---|
| **Виолета П.Тројачанец** | **278** | **26,4** |
| **Славица Д,Темелкоска** | **287** | **27,3** |
| **Роса Станоеска** | **267** | **25,4** |
| **Оливера Митреска** | **303** | **28,8** |
| **Марија Велеска** | **278** | **26,4** |
| **Сашо Патоски** | **302** | **28,7** |

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | | |
|---|---|---|
| Вкупно решени процесни предмети | Просек на решени процесни предмети, месечно по судија | Просек на остварување ориентациона норма |
| 1715 | 27,2 | 181% |

**Н * ) – Ориентациона норма за решавање на процесни предмети: 15 предмети**

Табела со преглед на просечни месечни резултати во решавање на ПЛ предмети во 2010 год.

| судија | вкупно решени ПЛ предмети | месечен просек на решавање | нерешени ПЛ предмети |
|---|---|---|---|
| Виолета П.Тројачанец | 2514 | 239,4 | 3 |
| Славица Д,Темелкоска | 2517 | 239,7 | - |
| Роса Станоеска | 2515 | 239,5 | 1 |
| Оливера Митреска | 2517 | 239,7 | - |
| Марија Велеска | 2468 | 235 | 49 |
| Сашо Патоски | 2517 | 239,7 | - |
| **ВКУПНО** | **15048** | **238,8** | **53** |

Табела со преглед на просечни месечни резултати во решавање на ПЛ предмети по приговор во 2010 год.

| судија | вкупно решени ПЛ предмети по приговор | месечен просек |
|---|---|---|
| Виолета П.Тројачанец | 85 | 8 |
| Славица Д,Темелкоска | 72 | 6,8 |
| Роса Станоеска | 75 | 7,1 |
| Оливера Митреска | 83 | 7,9 |
| Марија Велеска | 84 | 8 |
| Сашо Патоски | 55 | 5,2 |
| Доста Лукароска | 91 | 8,6 |
| Никола Крстески | 82 | 7,8 |
| Јасмина Шишковска Стојковиќ | 11 | 2,7 |
| Љубен Биноски | 10 | 1,3 |
| Ѕвонко Младеноски | 10 | 0,9 |

Преглед на времетраење на расправа по процесни предмети

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | Решени предмети | ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ГЛАВНА РАСПРАВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до 30 дена | Од 30 дена до 3 месеци | Од 3 месеци до 6 месеци | Од 6 месеци до 1 година | Од 1 година до 2 години | Над 2 години |
| ВКУПНО | 1709 | 74 | 383 | 531 | 489 | 162 | 70 |

Преглед за квалитет на работа по процесни предмети

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | ПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ ПРЕДМЕТИ ВРАТЕНИ ПО ЖАЛБА ОД АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА ДО 31.12.2010 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потврдени | | Преправени | | Укинати | | Делумно укинати | |
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| ВКУПНО | 310 | 67% | 31 | 7% | 109 | 23% | 14 | 3% |

Преглед за квалитет на работа по ПЛ предмети по приговор

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | ПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ ПРЕДМЕТИ ВРАТЕНИ ПО ЖАЛБА ОД АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА ДО 31.12.2010 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Потврдени | | Преправени | | Укинати | | Делумно укинати | |
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 56 | 78% | 3 | 4% | 13 | 18% | | |

Преглед на вкупен број на нерешени процесни предмети

| Судии | Вкупно | 2010 | 2009 | 2008 | 2007 | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| В.П.Тројачанец | 210 | 191 | 17 | 2 | 1 | - | - |
| М.Велеска | 188 | 178 | 9 | 1 | - | - | - |
| С.Патоски | 173 | 157 | 13 | 3 | - | - | - |
| О.Митреска | 168 | 160 | 4 | 2 | 1 | - | - |
| Р.Станоеска | 215 | 190 | 20 | 3 | - | 1 | 1 |
| С.Д.Темелкоска | 186 | 169 | 17 | - | - | - | - |

## ГЕНЕРАЛЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТАТА ПО ТРГОВСКИТЕ СПОРОВИ, СТЕЧАИ И ЛИКВИДАЦИИ

По трговските спорови, стечаите и ликвидациите во Основен суд Прилеп во текот на 2010 година постапуваа судиите: Доста Лукароска, Никола Крстески а од 01.09.2010 година и судијата Јасмина Шишковска Стојковиќ.

На почетокот на 2010 година во Основен суд Прилеп имаше остаток од 308 предмети.

Во текот на 2010 година примени се нови 1.172 предмети со трговски спорови. Вкупно во 2010 година имало 1480 предмети со трговски спор.

Од вкупниот број на предмети кои биле во работа, решени се 813 предмети а како нерешени останале 666 ТС предмети.

Следува табеларен приказ на работата во овој одддел.

Обем на работа по ТС предмети во 2009 година

| Видови предмети | Нерешени на 01.01.2010 | Примени во 2010 | Вкупно во работа во 2010 | Вкупно решени предмети во 2010 | Нерешени на 31.12.2010 |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Трговски спорови | 308 | 1172 | 1480 | 813 | 666 |

**Табела со преглед на просечни месечни резултати во решавање на ТС предмети во 2010 год.**

| судија | вкупно решени ТС предмети | Месечен просек |
|---|---|---|
| Доста Лукароска | 376 | 35,8 |
| Никола Кстески | 386 | 36,7 |
| Јасмина Шишковска Стојковиќ | 51 | 12,7 |
| ВКУПНО | 813 | 28,4 |

Просекот на решени предмети кај судијата Јасмина Шишковска Стојковиќ е пресметан на 4 месеци со оглед на тоа што судијата во 2010 година започна со работа од 01.09.2010 година.

**Табела со преглед на просечни месечни резултати во решавање на ПЛ ТС предмети во 2010 год.**

| судија | вкупно решени ПЛ ТС предмети | Месечен просек |
|---|---|---|
| Доста Лукароска | 379 | 36 |
| Никола Крстески | 388 | 36,9 |
| Јасмина Шишковска Стојковиќ | 133 | 33,2 |
| ВКУПНО | 900 | 35,3 |

Просекот на решени предмети кај судијата Јасмина Шишковска Стојковиќ е пресметан на 4 месеци со оглед на тоа што истата во 2010 година започна со работа од 01.09.2010 година.

Обем на работа по стечајни предмети во 2010 година

| Видови предмети | Нерешени на 01.01.2010 | Примени во 2010 | Вкупно во работа во 2010 | Вкупно решени предмети во 2010 | Нерешени на 31.12.2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| Стечајни предмети | 33 | 256 | 289 | 259 | 30 |

**Табела со преглед на просечни месечни резултати во решавање на стечајни предмети во 2010 год.**

| судија | вкупно решени стечајни предмети | Месечен просек |
|---|---|---|
| ВКУПНО | 259 | 9,2 |
| Доста Лукароска | 116 | 11 |
| Никола Крстески | 122 | 11,6 |
| Јасмина Шишковска Стојковиќ | 21 | 5,2 |

Просекот на решени предмети кај судијата Јасмина Шишковска Стојковиќ е пресметан на 4 месеци со оглед на тоа што судијата во 2010 година започна со работа од 01.09.2010 година.

Преглед за времетраење на расправа по стечајни предмети

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | Предмети | ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ГЛАВНА РАСПРАВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до 30 дена | Од 30 дена до 3 месеци | Од 3 месеци до 6 месеци | Од 6 месеци до 1 година | Од 1 година до 2 години | Над 2 години |
| ВКУПНО | 259 | 44 | 184 | 18 | 10 | 2 | 1 |

Преглед за времетраење на расправа по ТС предмети

| ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП | Предмети | ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ГЛАВНА РАСПРАВА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до 30 дена | Од 30 дена до 3 месеци | Од 3 месеци до 6 месеци | Од 6 месеци до 1 година | Од 1 година до 2 години | Над 2 години |
| ВКУПНО | 813 | 23 | 222 | 388 | 153 | 25 | 2 |

Квалитет на работа во решавање на трговските спорови

| Судии | ТРГОВСКИ СПОРОВИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРЕДМЕТИ ВРАТЕНИ ПО ЖАЛБА ОД АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА ДО 31.12.2010 ГОДИНА | | | | | |
| | Потврдени | | Преправени | | Укинати | |
| | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % |
| Вкупно | 104 | 69% | 17 | 11% | 30 | 20% |

| Вкупно во 2010 г. | | |
|---|---|---|
| Вкупно решени трговски спорови | Просек на решени трговски спорови, месечно по судија | Просек на остварување ориентациона норма |
| 813 | 28,4 | 142% |

Н * ) – Ориентациона норма за решавање на трговски спорови: 20 предмети;

## ВОПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ

Во почетокот на 2010 година се евидентирани вкупно 642 нерешени вонпроцесни предмети по сите основи - Оставини, ВПП, Зав.НД, ЗАМ, Други ВПП (Р и ОДС), други ВПП (ППНИ), ИН. Во текот на годината примени се нови 4.464 предмети кои заедно со остатокот од нерешени предмети од претходната година, резултираат со податок дека во текот на година во судот биле во работа вкупно 5.106 ВПП предмети по сите основни.

Од вкупниот број на предмети кои биле во работа, решени се 4.663 предмети а како нерешени во 2010 година останале 443 предмети.

| Основен суд Прилеп | | Нерешени предмети на почетокот на годината | Новопримени предмети | Вкупно предмети во работа | Вкупно решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оставински и вонпроцесни предмети | П.П.Н.И. | 7 | 1054 | 1061 | 1051 | 10 |
| | Разни граѓански предмети „Р“ | 20 | 1110 | 1130 | 1128 | 2 |
| | ЗАВ-С | | | 0 | | 0 |
| | ЗАВ-Х Апостили | | 1009 | 1009 | 1007 | 2 |
| | ЗАВ НД | 46 | 181 | 227 | 213 | 14 |
| | Замолници | | 20 | 20 | 17 | 3 |
| | Мерки за обезбедеување | 2 | 47 | 49 | 42 | 7 |
| | Оставина | 461 | 767 | 1228 | 914 | 314 |
| | Физичка делба | 104 | 249 | 353 | 283 | 70 |
| | Останати ВПП предмети | 2 | 27 | 29 | 8 | 21 |
| **Вкупно** | | 642 | 4464 | 5106 | 4663 | 443 |

**Табела со преглед на просечни месечни резултати во решавање на оставински предмети во 2010 год.**

| судија | вкупно решени оставински предмети |
|---|---|
| Жарко Велески | 10 |
| Ангелчо Видески | 24 |
| Нотари | 882 |
| ВКУПНО | 916 |

**Табела со преглед на решени ППНИ предмети**

| судија | вкупно решени |
|---|---|
| Ј. Тренчевски | 763 |
| Љ.Биноски | 207 |
| Р.Иваноска | 81 |

## ИЗВРШНИ ПРЕДМЕТИ

Во почетокот на 2010 година евидентирани се нерешени 31.605 извршни граѓански предмети.

Следува табеларен приказ на работата при решавањето на извршните предмети.

| Видови предмети | Нерешени на 01.01.2010 | Примени | Вкупно во работа во 2010 | Вкупно решени предмети во 2010 | Нерешени на 31.12.2010 |
|---|---|---|---|---|---|

| Извршни граѓански | 31605 | - | 31605 | 4892 | 26713 |
|---|---|---|---|---|---|

| Судија | вкупно решени извршни предмети | месечен просек на решени предмети |
|---|---|---|
| Среќко Митовски | 4892 | 465,9 |
| Љубе Трајчески | 434 | 108,5 |

## АКТИВНОСТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ НАДВОР ОД РЕДОВНАТА РАБОТА

Во Основен суд Прилеп се формирани и постојат и следните комисии кои со своите активности согласно Судскиот деловник, Законот за јавна внатршна контрола, Законот за јавни набавки и Законот за располагање со стварите на државните органи, придонесуваат за законитост во редовното работење на судот:

- Комисија за преглед на депозитите;
- Комисија за попис на инвентарот;
- Комисија за попис на одземени предмети;
- Комисија за попис на сите парични средства на сметките, извори на средства и обврските во Основен суд Прилеп;
- Комисија за располагање со недвижните и движните ствари во судот;
- Комисија за попишување на примени скапоцености;
- Комисија за контрола на уредноста на доставата во судот;
- Комисија за одобрување на набавки од мала вредност до 500 евра.
- Комисија за контрола на извршените набавки од мала вредност до 500 евра.
- Комисија за јавни набавки;

## РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ТЕКОТ НА 2010 ГОДИНА

| Име и Презиме | Граѓански оддел | | Кривичен оддел | | | | Прекршоци | Вонпроцесно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Кривичен совет | | | |
| | Пресуди | Решенија | Пресуди | Решенија | пресуди | решенија | | |
| Елена Пашоска | | | | | | | | **2370** |
| Даниела Момироска | **292** | **79** | | | | | | |
| Соња Батлеска | | | **184** | **34** | | | | |
| Душан Дабески | | **239** | | | | | | **73** |
| Олга Трајкоска | | | | | | | **740** | |
| Слободан Димитриоски | | **836** | | | | | | |
| Елизабета Петроска | | | | | **28** | **268** | | |
| Јовко Ќолчески | **170** | **67** | | | | | | |
| Филип Пашоски | **193** | **21** | | | | | | |
| Весна Граороска | | | | | | | **805** | |
| Виолета Петкоска | **222** | **25** | | | | | | |
| Златко Кузманоски | | **222** | **3** | **76** | | | | |
| Игор Ефремоски | **199** | **56** | | | | | | **42** |
| Лидија Салатоска | **9** | **3** | **138** | **6** | | | **28** | |
| ВКУПНО | **1085** | **1548** | **325** | **116** | **28** | **268** | **1573** | **2485** |

# ЗАКЛУЧНИ
# СОГЛЕДУВАЊА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ

Врз основа на презентираната содржината на Извештајот за работа на судот, може да се заклучи дека во извештајната 2010 година во Основниот суд Прилеп е обезбеден висок степен на ажурност, стручност и квалитет во постапувањето по судските предмети и успешно остварување на надлежностите утврдени со Законот за судовите.

Во контекст на презентираните податоци за работата на судот, неопходна е потребата за краток осврт на човечките ресурси со кои располагаше судот во 2010 година, условите за работа во судот како и неговата материјално финансиската состојба, бидејќи истите се од суштествено значење за неговото нормално и тековно работење.

**1.Човечки ресурси**

**1.1.Судии**

Основниот суд Прилеп како суд суд со проширена надлежност, својата работа во 2010 година ја започна со 23 судии заедно со Претседателот на судот.

Судијата Соња Димеска во текот на 2010 година отсуствува од работното место поради боледување.

Со одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр.07-1170/1 од 05.07.2010 година, Љубе Трајчески-судија на Основниот суд Гевгелија, времено за период од една година е упатен за вршење на судиската функција во Основен суд Прилеп.

Судијата Јасмина Шишковска Стојковиќ од 01.09.2010 година редовно ја извршува судиската функција во овој суд со оглед на тоа што до овој временски период користеше породилно и редовно боледување.

**1.2 Раководни судски службеници**

Освен Судскиот администратор, во Основен суд Прилеп не постои друг раководен судски службеник иако истите (раководители на кривичен и граѓански оддел, одделение за казнена евиденција, информатика и финансиско работење) се предвидени со актот за систематизација на работните места одобрен од Советот за судска служба.

Неопходноста од поскоро пополнување на овие работни места не е само потреба за ефикасна внатрешна организација но уште повеќе што истите се законска обврска и по други законски прописи. Таков е случајот со Законот за јавна внатрешна контрола кој ги задолжува сите државни органи да имаат финансиски раководител. Со актот за систематизација на работните места во Основен суд Прилеп е предвидено работно место Раководител на одделение за материјално финансиски работи но истото до денес не е пополнето бидејќи не е добиена согласност и финансиски средства за тоа.

Слична е ситуацијата и со раководното место во предвиденото одделение за информатика. Ова уште повеќе што во ситуација кога

информатиката е навлезена во сите сегменти од судското работење, вработеноста на само едно лице со информатичко образование кое нема раководен статус ниту има свој помошник, создава опасност од одлив на овој кадар од судовите или неможност за ефикасно исполнување на обврските.

### 1.3 Стручни судски службеници

Бројот на стручни судски службеници во судот изнесува 14 и тоа двајца судски советници, 1 виш судски советник и 11 судски соработници. Ваквиот број на стручни судски службеници не овозможува исполнување на обврската од Законот за судови, секој судија да има по најмалку еден стручен судски службеник што секако е во насока на поголема ефикасност на судиското работење.

### 1.4 Административно - технички судски службеници.

Во контекст на погоре споменатата состојба околу пополнувањето на упразнетите работни места, може да се каже дека од 2008 година во Основен суд Прилеп не е пополнето ниту едно упразнето работно место ниту е реализирано било какво вработување – редовно или привремено.

Значителен проблем во судот е непополнетоста на работните места судски референт-дактилограф во судот со оглед на тоа што сегашниот број на ваквиот вид на судски кадар не соодветствува со бројот на судии во судот односно има две дактилографки помалку од бројот на судии. Ваквата состојба значително ја отежнува работата на судиите бидејќи за нив секој работен ден е судечки ден а отсуството на дактилограф кај двајца судии, секојдневно го нарушува целиот процес околу редовното закажување и одржување на судските процеси. Во текот на 2010 година на Основен суд Прилеп не му беше одобрено ниту привремено вработување. Имајќи ја во предвиде фактичката состојба дека во дел од судовите беа одобрени значителн број на привремени вработувања кои потоа беа огласени и за пополнување и трајно вработување, Основниот суд Прилеп пред Судскиот буџетски совет го постави прашањето за критериумите и основаноста на одобрените вработувања само за дел од судовите. Ова е уште позначајно да се напомене од причина што се работи за суд со најголем број на предмети во работа и најголем број на решени предмети на Апелационото подрачје а на исотото тоа Апелационо подрачје сите поголеми судови добија согласност за вработување на нови работници во 2010 година.

### 1.5 Лица кои вршат технички и помошни работи во судот

Генерално, судот со постојните вработени лица од оваа категорија на вработени во судската служба, ги задоволува потребите од одржување на телефонската централа, котларата и службените возила.

## 2.Материјално финансиско работење во 2010 година

Во 2010 година Основниот суд Прилеп се соочуваше со проблеми од финансиска природа колку поради ограничените финансиски средства исто така и поради многу тешката и бавна реализација на уплатените налози . Ваквата состојба, не по вина на судот доведе до зголемување на обврските на судот во 2010 година и ја зголеми недовербата на добавувачите на услуги, вештите лица, поротници и адвокати во спообноста на судот навремено да ги исполнува настанатите финансиски обврски.

Оваа состојба уште повеќе беше отежната со фактот дека поради неплатени обврски сметката на судот беше блокирана во неколку наврати во текот на 2010 година. Активностите на судската управа за овозможување на деблокада на судската сметка, паралелно со активностите на уверување на доверителите по сите основи да се воздржат од присилно извршување на побарувањата према судот, одземаа значителен дел од времето и енергијата која требаше да биде насочена кон внатрешната организација на работата.

Истовремено, напорите за рационализација на трошоците се континуирана активност во текот на 2010 година. Во тас мисла треба да се напомене дека во Основен суд Прилеп е формирана заедничка комисија со ЈП “Македонски пошти“ а.д. заради разгледување на тековните проблеми околу врачувањето на судските акти и превземање на заеднички мерки за нивно отстранување. Заедничката комисија врши дневен преглед на целокупната судска достава евидентирајќи ја неуредната достава заради нејзино издвојување за наплата од страна вршителот на услугата.

Заради заштеда на ПТТ трошоците, од фиксната телефонска мрежа во судот е исклучена можноста за бирање на мобилни телефонски лини. Заради карактерот на работата, од ваквата интерна мерка се иземени само фиксните телефонски линии на истражниот судија и претседателот на судот.

Истовремено дел од трошоците за достава на акти и писмена до странките, судот ги намали со користење на можноста да изврши достава преку доставните служби на другите судови во Република Македонија.

Во 2010 година се превземени инвестициони и организациони активности во насока на подобрување на условите за работа во судот. Имено со одобрените финансиски средства во рамките на Судскиот буџетски совет за капитални инвестиции, набавен е нов фотокопир и истиот е инсталиран на вториот кат од судската зграда. Неговото ставање во употреба ќе ги намали трошоците за печатење на судските акти преку ласерските принтери.

Во 2010 година преку одобрените средствата за капитални инвестиции, набавена е и инсталирана противпожарна централа во новиот дел од судската зграда. На ваков начин е комплетиран противпожарниот систем во целокупната судска зграда.

Во оваа прилика треба повторно да се истакне проблемот со загревањето на судската зграда. Имено и покрај укажувањата до Судскиот буџетски совет дека по пуштањето во употреба на новиот дел од судската зграда и со тоа зголемувањето на внатрешната корисна површина од 1362 м2 на 3.393 м2, судот добива исти финансиски средства за затоплување во текот на грејната сезона како и во периодот пред пуштање во употреба на новиот дел од судската зграда. На ваков начин судот е приморан во текот на грејната сезона воопшто да не ги загрева ходниците и повремено да исклучува пооделни делови од судската зграда што создава значителни тешкотии како за вработените така и за странките кои доаѓаат во судот.

Отсуството на финансиски средства за изработка на униформи на судската полиција е проблем кој повеќекратно е актуелизиран од страна на овој суд. Конкретно во Основен суд Прилеп воопшто не се одобрени финансиски средства за оваа намена иако во изминатиот период значително е истрошена опремата на припадниците на судската полиција кои истата ја добиле при вработувањето. Дел од припадниците на судската полиција кои се вработени 2007 и 2008 година воопшто и немаат добиено униформа . Основниот суд Прилеп е принуден овој проблем да го решава преку барања до Затвор Прилеп и ОВР Прилеп за отстапување на дел од нивната употребувана опрема за униформирање на судската полиција што е само делумно, несоодветно и привремено решавање на постојниот проблем.

Основниот суд Прилеп укажува на потребата од истакнување на предлог за централизирана набавка на канцелариски материјал, тонери за ласерски принтери и фотокопир и масло за греење. Во постојната ситуација, судот (како и другите судови) е оптеретен со спроведување на соодветни постапки за јавна набавка иако истите можат да бидат спроведени и централизирано и со многи поповолни цени за набавка.

Во рамките на потребата за рационализација на трошоците за работа на судовите, Основниот суд Прилеп укажува на можноста од

достава на месечните извештаи за работа на судот во електронска форма. Врховниот суд на РМ во текот на 2010 година го извести Основен суд Прилеп дека месечните извештаи за работа треба да ги доставува до тој суд во електронска форма.

**3.Превземени мерки на судската управа за подобри услови за работа во судот**

Во текот на 2010 година од страна на судската управа се исполнети сите законски обврски околу редновна контрола и одржување на опремата и инсталациите во судот и тоа: противпожарниот систем и апарати, хидратанската мрежа, громобранската и електричната инсталација.

Преку интернет конекцијата значително е олеснет пристапот и користењето на законските и подзаконски акти од страна на судиите и стручните судски службеници од значење за правилна примена на правните прописи.

Судот располага со своја библиотека која ги опфаќа сите изданија на „Службен весник на Република Македонија“ , збирки на прописи, и друга стручна литература. Бидејќи заради ограничените финансиски средства, судот добива само три примероци на наведеното гласило, сите објавени законски текстови или измени кои се од значење за судсиската работа, редовно се фотокопираат и доставуваат до секој судија а по потреба и стручни судски службеници или административно технички судски службеници.

Во текот на 2010 година, на сите судии, стручни и административно технички судски службеници им беше овозможено да земат учество во обуките организирани од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители а согласно програмата за обука во 2010 година.

**4.Активности и соработка со други судови, Адвокатската заедница, Комората на извршители, Проектот на УСАИД за имплементација на судски реформи и други органи и организации.**

Преку судската управа, судот одржува редовни контакти со другите судови посебно од Апелационото подрачје Битола.

Соработката со адвокатската заедница на подрачјето на Општина Прилеп и воопшто Адвокатската комора на РМ е интензивна и редовна а се однесува на сите проблеми со кои се соочуваат адвокатите или судот при работењето по конкретни предмети. Заради унапредување на таа соработка и подеднаквиот третман на сите адвокати од подрачјето на Основен суд Прилеп, воведен е принцип на азбучен ред при поставувањето на адвокатите за бранители по службена должност и при исплатата на

побарувањата од судот. Заради транспарентност во работењето, ваквите податоци се истакнати и на судските дисплеи и се достапни како информација за секој адвокат.

Во Основниот суд Прилеп во текот на 2010 година се одржа неколку средби и со извршителите на подрачјето на судот. На ваквите средби се разгледани прашања кои ги засегаат извршителите при постапувањето на судот по ППНИ предметите но исто така и прашања кои со дејствија на извршителите го оптоваруваат работењето на судот посебно околу активирањето на налози за извршување кои ја блокираат сметката на судот.

Судот изразува посебно задоволство од соработката со Проектот на УСАИД за имплементација на судските реформи. Оваа соработка во 2010 година интензивно беше насочена кон примената на АКМИС програмата и пописот на извршните предмети во судот. Резултат на таа соработка е комплетно завршениот попис на сите извршни предмети во судот и ниво на имплементација на АКМИС програмата кое овозможува генерирање на точни и целосни податоци за работата.

На 25.10.2010 година во Основен суд Прилеп беше одбележан Европскиот ден на Граѓанската правда и во рамките на истиот за група на ученици од правна насока на СУЦ беше одржано предавање и запознавање со работата на судот. Во рамките на својата агенда за транпарентност во работењето, во судот се одржани и други две дополнителни предавања за ученици со цел за нивно запознавање со судското работење и воопшто работата во Основен суд Прилеп.

**Заклучок**

Со податоците наведени во овој извештај, како Претседател на судот ја оценувам работата на судиите и судската служба како високостручна и ажурна, при што сметам дека од страна на повисоките судски инстанци како и Судскиот совет на Република Македонија, Основниот суд Прилеп треба да биде оценет како ажурен суд.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**

Доставено до :

- Судски совет на Република Македонија
- Врховен суд на Република македонија
- Министерстство за правда
- Апелационен суд Битола